РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

Бр. 03-51

Скопје 25.07.2019 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван,

Врз основа на други две претставки за емитувањето на играниот серијал „Екатерина Велика“ на 1ТВ, Агенцијата вчера побара од радиодифузерот да ја усогласи предупредувачката сигнализација со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Врз основа на Вашата претставка (наш арх. бр. 03-51 од 24.07.2019 година) направивме анализа на седмата епизода од овој игран серијал, емитувана на 23 јули 2019 година, по 21 часот, но не констатиравме прекршување на правилата за заштита на малолетните лица. Радиодифузерот не направил штета што оваа епизода ја емитувал со ознака (8+) програма од втора категорија, затоа што таа не содржеше ниту сцени/глетки на насилство ниту какви било непристојности во смисла на вулгарности или навреда на човековото достоинство.

Извештаите од досега извршените мониторинзи врз програмскиот сервис 1ТВ, како и претставките и нивните одговори, достапни Ви се на avmu.mk – Интернет страницата на Агенцијата.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

---------------------------------------------------

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ